**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**

**ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË**

**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**

Бр. **02-1046/14**

Скопје, 27.10.2021 година

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ШТО ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСТАНОВИ КАДЕ СЕ СПРОВЕДУВА ПРОБНАТА РАБОТА НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИЦИ СО ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ ОД ОБЛАСТА НА СТОМАТОЛОГИЈАТА

**Скопје, 2021 година**

Врз основа на член 21 став (1), точка 16 и член 9 став 1 точка 14 од Статутот на Стоматолошка комора на Македонија („Службен весник на РСМ„ бр.118/2021), на седницата на Собранието на Стоматолошката комора на Македонија одржана на ден 27.10.2021 година донесе

**ПРАВИЛНИК**
**ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ШТО ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСТАНОВИ КАДЕ СЕ СПРОВЕДУВА ПРОБНАТА РАБОТА НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИЦИ СО ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ ОД ОБЛАСТА НА СТОМАТОЛОГИЈАТА**

## I ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој правилник се пропишуваат поблиските критериуми во однос на просторот, опремата и стручниот кадар што треба да ги исполнуваат здравствените установи за спроведување на пробнатата работа на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата.

**Член 2**

Здравствените установи каде што ќе се спроведува пробнатата работа на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата потребно е да ги исполнуваат општите и поблиските критериуми по однос на просторот, опремата и кадарот за вршење на следниве дејности: примарна стоматолошка здравствена заштита, детска и превентивна стоматологија, болести на уста и пародонт, болести на заби и ендодонт, орална хирургија, максилофацијална хирургија, стоматолошка протетика и социјална медицина.

## II ОПШТИ КРИТЕРИУМИ

**Член 3**

Здравствените установи каде што ќе се спроведува пробнатата работа на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата мора да ги исполнуваат условите утврдени во "Правилникот за потребниот простор, опрема и стручен кадар за основање, почнување со работа и вршење здравствена дејност во здравствени установи" донесен од Министерството за здравство, а објавен во *Службен весник на Република Македонија (бр. 91/13 од 28.06.2013 година).*

## III ПОСЕБНИ КРИТЕРИУМИ ШТО ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ЗДРАВСТВЕНИТЕ УСТАНОВИ ВО ОДНОС НА ПРОСТОРОТ И ОПРЕМАТА

**Член 4**

Здравствените установи за спроведување на пробнатата работа на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата мора да ги исполнуваат следните посебни критериуми во однос на простор:

1) ординација со површина од минимум 24 м2* и
2) чекална со површина од минимум 12м2**

*за секој дополнителен стоматолошки стол освен минимално пропишаните два, ординацијата мора да има површина од дополнителни 8 м2;
**за секој дополнителен стоматолошки стол освен минимално пропишаните два, чекалната мора да има површина од дополнителни 5 м2;

3) помошна просторија за персоналот;
4)простор за индивидуално усовршување и можност за користење на персонален компјутер со обезбеден пристап до интернет.

**Член 5**

Здравствените установи за спроведување на пробнатата работа на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата мора да ги исполнуваат следните посебни критериуми во однос на опрема:

1) минимум две стоматолошки столици со турбина и соодветни насадни инструменти, инструментариум, материјали и основна опрема пропишана со позитивните законски прописи и

2) специфична опрема, инструменти, апарати и стоматолошки материјали за соодветната специјалност за која вршат спроведување на пробната работа, при што поседувањето на ретроалвеоларен рентген апарат или ртг панорама ќе се смета како предност.

**Член 6**

Здравствените установи за спроведување на пробнатата работа на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата мора да ги исполнуваат следните посебни критериуми по однос на кадар:

1) Вработен кадар на неопределено и полно работно време за определената област, кој поседува соодветна лиценца за работа за која се изведува пробната работа, под чиј надзор ќе се изведува пробната работа (во продолжение на текстот едукатор), согласно Правилникот за план и програмата за приправничкиот стаж на здравствените работници со високо образование и образецот и начинот на водење нза припшравничката книшка и Правилникот за поблиски критериуми во однос на образованието и работното искуство што треба да го исполнуваат едукаторите за спроведување на пробната работа на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата;
2) Едукатор за определената област може да едуцира и повеќе од еден здравствен работник со високо образование од областа на стоматологијата во исто време, доколку за секој дополнителен кандидат здравствената установа ги исполнува дополнителните услови од член 3 од овој Правилник.

**Член 7**

Здравствената установа каде што ќе се спроведува пробнатата работа на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата води евиденција за почетокот и крајот на пробната работа за секој здравствен работник со високо образование.

**Член 8**

Здравствените установи каде што ќе се спроведува пробнатата работа на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата се определуваат по објавен јавен повик од страна на Стоматолошка комора на Македонија на интернет-страната на Комората.

Изборот на здравствената установа каде што ќе се спроведува пробнатата работа на здравствените работници со високо образование од областа на стоматологијата се врши за период од 3 (три) години, со посебна одлука на Извршниот одбор на Комората, кој предлага и текст на договорот кој го потпишуваат Комората и избраната здравствена установа.

**IV ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

**Член 9**

Овој правилник влегува во сила на денот на неговото донесување.

Овој правилник ќе се објави во списанието на Комората и на интернет-страницата на Комората.

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
Претседател на Собрание,
д-р Оливер Манасиев

М.П.